**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски**[1]
**Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова**[2]

# КОНФИСКАЦИЈАТА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА НАСПРОТИ КОНФИСКАЦИЈАТА НА ИМОТ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.272:343.13(497.7)**
**343.272:347.91/.95(497.7)**

**Апстракт**

Конфискацијата на имот и имотна корист се посебни казнено-правни мерки. Класичната форма на конфискација се базира на одземање на имот генериран од кривично дело за кое е осудено некое лице. Може да се јави како реална и вредносна, а конфискација може да се изрече и во случај на постоење фактички или правни пречки за кривично гонење.

Во насока на приклучување кон меѓународните напори за поефикасна борба со организираниот криминал и корупцијата, во 2009 година беше воведена и проширената конфискација која овозможува одземање на нелегални средства за кои не е утврдено од кое кривично дело потекнуваат, но имателот на средствата (претходно правосилно осуден за одреден вид на кривично дело) не го докажал нивното легално потекло.

Во 2024 година е донесен Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка со кој е предвидена заштита на јавниот интерес на начин што се оневозможува каква било корист од имот за кој во постапката за конфискација на имот во граѓанска постапка се утврди дека не бил стекнат од законски извори. Граѓанската конфискација се применува во случаи кога јавниот обвинител има сомневање за кривично дело, но нема доволно докази за кривично гонење или кривичното гонење не довело до осудителна пресуда, а оцени дека постои разумно сомневање дека имотот не бил стекнат од законски извори.

Авторките подетално ги елаборираат овие институти и прават аргументиран критички осврт врз основаноста и компатибилноста на ваквите концепти со македонскиот правен систем.

**Клучни зборови**: конфискација, имот, имотна корист, кривична постапка, граѓанска постапка

## 1. Вовед

[1] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за криминологија и пенологија. Е-пошта: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com (http://www.pf.ukim.edu.mk/gruevska-drakulevski-dr-aleksandra/).

[2] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за казнено материјално право. Е-пошта: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk (https://pf.ukim.edu.mk/deanoska-trendafilova-dr-aleksandra/)

Како посебни казнени мерки по својата природа, конфискацијата на имот и имотна корист и одземањето предмети не претставуваат казни или друг тип на санкции. Додека одземањето/ограничување на определени права на сторителот на кривичното дело сосема легитимно се случува при процесот на казнување (на пример, лишување од правото на слобода заради извршување на казната затвор, одземање на легален имот во паричен износ заради извршување на паричната казна итн.), кај конфискацијата постои корекција на настанатото неправо,[3] одземање на противправно стекнатиот имот врз кој сторителот на делото не поседува право.[4] „Никој не може да има корист од сопственото неправо – nullus commodum capere potest de injuria sua propria.“[5] Врз овој принцип се фундира конфискацијата како мерка од посебен вид. Таа најчесто ја надополнува изречената санкција за делото, но во ситуација на фактички или правни пречки за кривично гонење, таа може да се изрече и без постоење на осудителна пресуда. Кога конфискацијата би била почесто изрекувана и поефикасно извршувана, граѓаните би имале повисоко ниво на доверба во системот и би се постигнал повисок ефект на достигнување на правдата отколку само со изрекување санкција.

Историски, институтот конфискација во нашето законодавство, со различна терминологија, постои од почетоците на развојот на македонското казнено право. Во првиот Кривичен Законик на самостојна Република Македонија донесен во 1996 година беше предвидено „пленувањето на имот и имотна корист“, а на репертоарот на мерки на безбедност беше одземањето на предмети. Сепак, одземањето на нелегална имотна корист беше невозможно без осудителна пресуда.[6] Во 2004 година, покрај новините во Кривичниот законик, ревидирани беа и многу постојни институти, па, институтот пленување на имот и имотна корист беше преуреден и стана конфискација, а одземањето предмети од листата на мерки на безбедност беше систематизирано во истата глава со конфискацијата, односно и двата институти станаа посебни казненоправни мерки кои се изрекуваат покрај санкцијата и независно од санкцијата.[7]

Можноста за изрекување на мерката конфискација во посебна постапка и во случаите кога постојат фактички или правни пречки за гонење на сторителот на кривично дело, исто така, за првпат беше предвидена во 2004 година, а такви се случаите, на пример, доколку сторителот починал, настапила застареност на кривичното гонење, дадено е помилување или амнестија и сл. Врз основа на измените во Кривичниот законик, во Законот за кривичната постапка беа предвидени одредби и за оваа посебна постапка за конфискација во случај на фактички или правни пречки за гонење.[8] Одземањето предмети остана да биде мерка со која се одземаат од сторителот инструментите, средствата со кои е извршено делото и продуктите кои од него произлегле (*instrumenta et producta sceleris*).

Покрај регуларната конфискација, во 2009 година во Кривичниот законик беше вградена и одредбата за проширена конфискација. Ова се случи како резултат на имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и

---

[3] Камбовски, В. Казнено прво – општ дел, Скопје, 2011, стр. 517

[4] Подетално в. Деаноска – Трендафилова, А., Конфискација на имот и имотна корист - како до поголема и поефикасна примена на овој институт? - Втора книга на препораки, НКЕУ – МК, Скопје, 2023, стр. 49- 62.

[5] Bouvier, J., A Law Dictionary, Adapted to the Constitution and Laws of the United States by 1856, достапно на:<ahref="https://legal-dictionary.thefreedictionary.com/Nullus+commodum+capere+potest+de+injuria+sua+propria">Nullus commodum capere potest de injuria sua propria</a>

[6] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право, општ дел, Скопје 2016, стр. 446.

[7] Деаноска – Трендафилова, А., op.cit. стр. 49-62/

[8] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 447.

конфискација на приноси од казнено дело и финансирање на тероризмот од 2005 година.[9]

Во март 2024 година беше донесен и Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка[10], со што беше воведена т.н конфискација *in rem*, дополнително на системот на конфискација *in personam*.

## 2. Кривичната конфискација во македонскиот Кривичен законик

Конфискацијата на имот и имотна корист е регулирана во македонскиот Кривичен законик во одредбите од членовите 97-99.[11]

Покрај поделбата на генерална и специјална, која има релевантност исклучиво во историски контекст, во современата казненоправната теорија и пракса, конфискацијата се јавува како реална, односно натурална и вредносна. Првата се состои во одземање на парите, предметите итн. кои се нелегално стекнати, а вредносната се состои во конфискување на друг (легален) имот чија вредност одговара на вредноста на нелегално стекнатата имотна корист.[12]

Согласно член 97, никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело. Имотната корист, по правило, се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело, а одлука за конфискација судот ќе донесе во постапка определена со закон и тогаш кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.

Од ваквите решенија може да заклучиме дека конфискацијата е можна во две ситуации и тоа: 1. кога ќе биде осуден сторителот и со истата судска пресуда ќе се изрече конфискација на нелегално стекнатиот имот, како и, 2. кога на сторител не може да му се суди (заради фактички или правни пречки за гонење), а ќе му се изрече конфискација на нелегално стекнатата корист во посебна постапка предвидена со Законот за кривичната постапка.[13]

Со оглед на фактот што нелегално стекнатата имотна корист, може да биде непосредна, но и посредна, Кривичниот законик во чл. 97-а предвидува дека во поглед на посредната имотна корист се конфискува „1. имотот во кој е трансформирана или претворена користа прибавена од кривично дело; 2. имотот стекнат од законски извори, доколку користа прибавена од кривично дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од помешаната корист прибавена од кривично дело и, 3. приходот или друга корист што произлегува од користа прибавена од кривично дело, од имот во кој користа прибавена од кривично дело е трансформирана или претворена или од имот во кој е помешана користа прибавена од кривично дело, до проценетата вредност на помешаната корист прибавена од кривично дело.“[14] Оваа одредба произлегува од концепцијата „во потрага по изворот на парите“.[15]

Согласно Кривичниот Законик, непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело, како

[9] Камбовски, В., op.cit., стр. 524.
[10] Службен весник: бр. 53/2024
[11] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23).
[12] Камбовски, В., op.cit., стр. 522.
[13] Закон за кривичната постапка, чл. 530 и следни.
[14] Чл. 97-а КЗ
[15] Камбовски, В., op.cit., стр. 524

и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.[16]

Во врска со предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот е лично врзан, тие се конфискуваат од трети лица, без оглед на тоа дали истите им биле пренесени со соодветен надомест.[17]

Проширената конфискација, како што наведовме погоре е воведена како институт во 2009 година, но последните измени од септември, 2023 година ја опфатија и оваа одредба.

Согласно член 98-а, став 1, од сторителот на кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение, со кое е извршено кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка казна или за кривични дела против човечноста и меѓународното право, кривични дела против половата слобода и половиот морал, кривични дела против имотот или кривични дела против службената должност, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период не подолг од пет години пред сторувањето на делото за кое е осуден со правосилна судска пресуда, кога врз основа на сите околности, факти и докази, судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело. Под условите од ставот 1, проширена конфискација спрема сторителот на делото се спроведува и кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривичната постапка, во постапка уредена со закон.

Ако поради фактички или правни пречки не може да се спроведе проширена конфискација спрема сторителот на кривичното дело, согласно став 3, нелегално стекнатиот имот се конфискува и од трети лица или членови на неговото семејство на кои е пренесен или за кои е остварен, доколку имотот постои.

За членови на семејството и трети лица е предвидено дека имотот се конфискува во постапка на конфискација, ако на нив е пренесен, а е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или (од трети лица) ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.

Како што може да забележиме, кај проширената конфискација се работи за одземање на имот стекнат пред извршување на одредено кривично дело за кое сторителот е осуден, а таквата осуда е само повод да се поведе постапка против тој сторител и за имот стекнат најмногу 5 години претходно. Притоа, товарот на докажување (onus probandi) е на самиот сторител/лице против кого се води постапката за конфискација.

Услов за проширената конфискација е лицето да е осудено за некое дело од листата/категориите опфатени со одредбата од став 1 или пак за таквото дејствие да постојат фактички или правни пречки за гонење. Условите/категориите кривични дела кои се опфатени со меѓународните документи (подолу споменати) предвидуваат алтернативно набројување на овие категории дела, но нашиот законодавец две од тие категории (дело сторено во рамки на злосторничко здружување и кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка казна) ги врза во кумулативен услов со што ја стесни (случајно или намерно) можноста за примена на проширената конфискација.

[16] Види чл. 98, ст. 2 и 3 од Кривичниот законик.
[17] Чл. 98 ст. 4 од Кривичниот законик.

## 3. Постапката за конфискација согласно процесното законодавство

Во Законот за кривичната постапка, постапката за изрекување на мерката конфискација е опфатена во главата XXXIV.[18]

Во таа смисла, во чл.530 се содржани општите одредби за конфискација на имот и имотна корист. Имотот и имотната корист прибавени со извршувањето на кривичното дело се утврдуваат во кривична постапка, а јавниот обвинител е должен во текот на постапката да собира докази и да ги изведува околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист. Во чл. 531 се утврдува дека при конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело, лицето врз кое е пренесена имотна корист, како и претставникот на правното лице ќе се повикаат заради испитување во претходната постапка и на главната расправа.

Лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и претставникот на правното лице се овластени во врска со утврдувањето на имотната корист да предлагаат докази и по овластување на претседателот на советот да им поставуваат прашања на обвинетиот, на сведоците и вештаците.

Утврдувањето на висината на износот на имотот и имотната корист, согласно чл. 532 е обврска на јавниот обвинител кој во прибирањето на потребните докази за утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист прибавени со кривично дело, може да побара потребни известувања од други државни органи, финансиски институции и други правни лица и граѓани кои се должни без одлагање истите да ги достават, а кога постои сомневање дека имотот се наоѓа во странство, судот е должен да распише меѓународна потерница или објава.

Постапката за проширена конфискација е исто така предмет на легислативно уредување. Член 533 од ЗКП определува дека судот ќе изрече мерка проширена конфискација под услови пропишани во Кривичниот законик, ако обвинетиот во рок од една година од денот на започнување на главната расправа не може да докаже дека имотот или имотната корист се законски стекнати. Ако во рок пократок од наведениот судот донесе првостепена пресуда за кривичното дело, кога постојат законски услови за изрекување на мерката проширена конфискација, судот таа мерка ќе ја изрече со дополнителна пресуда против која е дозволена жалба согласно со одредбите од ЗКП. Во член 534 е уредена постапката за изрекување мерка проширена конфискација спрема трето лице, при што во тој случај рокот за докажување на потеклото на имотот изнесува две години.

Во поглед на привремените мерки на обезбедување, во чл. 535 се утврдува дека кога се исполнети условите за конфискација или проширена конфискација на имот и имотна корист, судот по предлог на јавниот обвинител ќе нареди привремени мерки на обезбедување, кои може да бидат изречени и спрема трети лица за кои постои сомневање дека врз нив се пренесени имот и имотна корист прибавени со кривично дело без соодветен надоместок.[19]

Во врска со содржината на одлуката со која е изречена конфискација на имот и имотна корист, законот определува дека конфискација на имотна корист судот може да изрече во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, во решението за судска опомена или во решението за примена на воспитна мерка, како и решението со кое се изрекува мерката на безбедност, а во изреката на пресудата или на решението судот ќе наведе кој имот или предмет, односно паричен износ се конфискува.[20]

---

[18] Закон за кривичната постапка, (Службен весник на Република Македонија бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18).
[19] Деаноска – Трендафилова, А., op.cit., стр. 49- 62.
[20] Види чл. 536 од ЗКП.

Барање за повторување на кривичната постапка согласно со членот 449 од ЗКП може да се поднесе и во поглед на одлуката за конфискација на имотот и имотната корист.[21]

Согласно одредбите од Кривичниот законик според кои конфискација може да се изрече и тогаш кога од фактички или правни пречки не може да се преземе кривично гонење, Законот за кривичната постапка предвидува посебна постапка за овие случаи која се води по предлог на јавниот обвинител.[22]

Налогот за извршување на мерката конфискација го издава судот кој ја донел првостепената пресуда, а извршувањето, по правило, треба да е брзо, односно законот предвидува тоа да се направи во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.[23]

Посебна постапка за конфискација спрема правни лица не е предвидена, односно таа е содржана во истите одредби за конфискација од физички лица. Практичарите укажува на потреба од измени во тој правец заради полесна примена во пракса, па се очекува во претстојните измените на Законот за кривичната постапка тоа да се ревидира.[24]

## 4. Европски и други меѓународни релевантни правни акти

Конфискацијата на приноси од казнено дело станува приоритет на меѓународно ниво во поглед на борбата против организираниот криминал и корупцијата. Ова од причина што ваквите приноси се енормно високи кога потекнуваат од организиран криминал и корупција, па предизвикуваат вистинска ерозија на социјалните услуги и заедничките функции на живот во државите, на економијата, развојот на државите, а сето тоа дополнително ја поткопува довербата во правосудството и правната сигурност на граѓаните. Оттука, одредби за одземање на нелегално стекнатата корист може да се сретнат во низа акти и инструменти на Организацијата на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската унија кои се однесуваат на борбата и сузбивањето на корупцијата, организираниот криминал, тероризмот и други.

Инструментите на ЕУ кои директно ја зафаќаат оваа проблематика се: Директивата 2014/42/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот за замрзнување и конфискација на инструментите и приносите од криминал во Европската Унија, Регулативата 2018/1805/ЕУ за заемно признавање на одлуки за замрзнување и конфискација на имот донесени во кривична постапка и Рамковната одлука 2005/212/ЈНА за конфискација на приходи, инструменти и имот кои потекнуваат од кривично дело.

Сепак, Директивата 2024/1260/ЕУ за поврат на имот и конфискација[25] е најновата директива од оваа област која треба да биде транспонирана до крајот на 2026 година и која ги заменува Директивата 2014/42/ЕУ и Рамковната одлука на Советот 2005/212/ЈНА.[26] Во неа, меѓу другото се утврдуваат основите и на проширената конфикација и на конфискацијата која не се заснова врз осудителна пресуда.

---

[21] Чл. 537 од ЗКП.
[22] Види чл. 540 од ЗКП
[23] Чл. 541 од ЗКП.
[24] Деаноска – Трендафилова, А., op.cit., стр. 49- 62.
[25] Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2024/1260
[26] Council Framework Decision 2005/212/JHA of 24 February 2005 on Confiscation of Crime-Related Proceeds, Instrumentalities and Property, достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005F0212

Во чл.1 од оваа Директива се наведува дека со неа се утврдуваат минимални правила за следење и идентификација, замрзнување, конфискација и управување со имот во рамките на постапките во кривичните предмети. Се уредуваат правилата за истрагите за следење на нелегалниот имот, за канцелариите за поврат на имот, пристапот и размената на информации, замрзнувањето на имотот и неколку облици на конфискација - конфискација, конфискација од трети лица, проширена конфискација и конфискација која не се заснова врз осуда.

Основи за последниов облик се:

(а) болест на осомниченото или обвинетото лице;

(б) бегство на осомниченото или обвинетото лице;

(в) смрт на осомниченото или обвинетото лице;

(г) рокот на застареност за соодветното кривично дело пропишан со националното законодавство да е пократок од 15 години и да е истечен по поведувањето на кривичната постапка.[27]

Регулативата 2018/1805/ЕУ[28] за заемно признавање на одлуки за замрзнување и конфискација на имот донесени во кривична постапка востановува обврска за признавање и извршување на одлуки (налози) за замрзнување и конфискација донесени од една земја-членка од страна на друга. Ваквите одлуки ќе бидат признаени и извршени без барање на исполнетост на условот на двојна инкриминација за листа од 32 кривични дела за кои може да се изрече затвор од 3 години или повисока казна, меѓу кои и следниве: учество во криминална група (злосторничко здружување), тероризам; трговија со луѓе; сексуална експлоатација на деца и детска порнографија; недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции; недозволена трговија со оружје, муниција и експлозиви; корупција; измама, вклучувајќи измама и други кривични дела кои влијаат на финансиските интереси на Унијата; перење на приноси од криминал; фалсификување валута, вклучително и еврото; компјутерски криминал; еколошки криминал, вклучително и недозволена трговија со загрозени животински видови и загрозени растителни видови и сорти; олеснување на неовластен влез и престој; убиство или тешка телесна повреда; недозволена трговија со човечки органи и ткива; киднапирање, незаконско задржување или земање заложници; расизам и ксенофобија; организиран или вооружен грабеж; недозволена трговија со културни добра, вклучувајќи антиквитети и уметнички дела; рекет и изнуда; фалсификување и пиратерија на производи; фалсификување средства за плаќање; недозволена трговија со хормонални супстанции и други поттикнувачи на растот; недозволена трговија со нуклеарни или радиоактивни материјали; трговија со украдени возила; силување; подметнување пожари; злосторства во јурисдикција на Меѓународниот кривичен суд; незаконско одземање на воздухоплови или бродови; саботажа итн.

Еден од поновите акти и особено важен за ефикасноста на конфискацијата е Директивата (ЕУ) 2019/1153 Европскиот Парламент и Советот за востановување правила за олеснување на користењето на финансиски и други информации за превенција, детекција, истрага и гонење на одредени кривични дела. [29] Со оваа Директива се нагласува значењето на пристапот што треба да го имаат службите за

[27] Види чл. 15 од Директивата 2024/1260 (ЕУ)

[28] Regulation (EU) 2018/1805 of the European Parliament and of the Council of 14 November 2018 on the mutual recognition of freezing orders and confiscation orders, достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1805&qid=1647857117645

[29]Consolidated text: Directive (EU) 2019/1153 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 laying down rules facilitating the use of financial and other information for the prevention, detection, investigation or prosecution of certain criminal offences, and repealing Council Decision 2000/642/JHA, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A02019L1153-2024070

финансиско разузнавање до информациите од финансиски карактер со цел да ги откријат полесно различните облици на криминал, перењето пари и движењето на нелегалните средства, како и до полициските информации со претходнонаведената цел, како и заради утврдување на поврзаните предикатни дела. Со одредбите од овој акт се олеснуваат финансиските истраги затоа што се уредува под кои услови може да се пристапува до банкарски сметки и слично, како и начинот на кој се одвива соработката меѓу различни надлежни органи и институции и органите за финансиско разузнавање.Директивата (ЕУ) 2018/1673 на Европскиот Парламент и Советот за сузбивање на перењето пари преку кривичното право [30] предвидува исто така обврска на земјите- членки за замрзнување и конфискација на приходи и имот кои се резултат на ваквиот облик на криминал, а ваква одредба може да се најде и во Директивата (ЕУ) 2017/1371 на Европскиот парламент и на Советот, за борба против измама на финансиските интереси на Унијата преку кривичното право.[31]

Други меѓународни акти, [32] кои имаат допирни точки со конфискацијата односно ја детектираат конфискацијата како нужен инструмент за сузбивање на криминалот се Конвенцијата од Палермо против транснационален организиран криминал на Обединетите нации од 2000 година,[33] Конвенцијата против корупција на ОН од 2005 година,[34] Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист од криминал и за финансирање тероризам од 2005 година на Советот на Европа (Варшавска конвенција), [35] Кривично-правна конвецнија за корупција на Советот на Европа од 1999 година[36] и Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист од кривично дело на Советот на Европа од Стразбур, 1990 година.[37]

## 5. Краток споредбен осврт: кривичната конфискација во Хрватска

Во Казнениот закон на Хрватска, прашањата за одземањето на имотна корист и одземањето предмети се уредени во глава 6.[38]

Согласно чл. 77, имотната корист ќе се одземе со судската одлука со која е утврдено противправното дело, а тоа може да се направи и од лицето на кое е пренесена ако стекнувањето не е bona fide. Предвидена е, покрај реалната и вредносната конфискација (одземање), а притоа се нагласува и тоа дека одземената имотна корист

[30] Подетално в.: Consolidated text: Directive (EU) 2018/1673 of the European Parliament and of the Council of 23 October 2018 on combating money laundering by criminal law, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A02018L1673-20240519

[31] Directive (EU) 2017/1371 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2017 on the fight against fraud to the Union's financial interests by means of criminal law, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32017L1371&qid=1647801844322

[32] Подетално в. Деаноска, НКЕУ...

[33] United Nations Convention against Transnational Organized Crime, достапна на: https://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf

[34] United Nations Convention against Corruption, достапна на: https://www.unodc.org/unodc/en/corruption/tools_and_publications/UN-convention-against-corruption.html

[35] Council of Europe Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime and on the Financing of Terrorism (CETS No. 198), достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=198

[36] Criminal Law Convention on Corruption (ETS No. 173), достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=173

[37] Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime (ETS No. 141) достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=141

[38] Подетално в. Kazneni zakon, pročišćeni tekst zakona,
NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23, 36/24

нема да се намали за износот на средствата што се вложени во кривичното дејствие. Со други зборови, одземањето се врши по бруто принцип. Ако се работи за незначителна имотна корист, судот може да одлучи да нема одземање. [39]

Како што може да забележиме, постојат извесни разлики меѓу нашето и хрватското законодавство во поглед на оваа казненоправна мерка.

Проширеното одземање на имотна корист (како што се нарекува проширената конфискација согласно Хрватскиот КЗ) е исто така уредена на малку поинаков начин. Имено, проширено одземање може да се примени за дела за кои е надлежна Канцеларијата за сузбивање на корупција и организиран криминал (популарниот „USKOK“), како и за делата неовластено производстго и промет со дроги (чл. 190), неовластено производствго и промет со супстанци забранети во спортот (чл. 191.а), кривичните дела против компјутерските системи, програми и податоци и кривичните дела на сексуална злоупотреба и искористување на дете.

Товарот на докажување на законското потекло на имотот кој се смета за несразмерен е на лицето против кое се води оваа постапка, а тоа може да се и членови на семејството и трети лица.

## 6. Изрекувањето на мерката конфискација на имот и имотна корист во судската казнена практика на Република Северна Македонија

Во анализираниот период 2017-2023 година, во просек, годишно биле изречени 49 мерки конфискација на имот и имотна корист. Најголем број мерки на конфискација биле изречени во 2020 година, 67 мерки, а најмал број во 2023 година, само 23 мерки на конфискација на имот и имотна корист. Најголем број мерки конфискација биле изречени за кривични дела против имотот, во просек годишно во анализираниот период се изречени 21 мерка. Следи групата кривични дела против здравјето на луѓето, во просек се изречени 7 конфискации. Потоа, за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и за кривични дела против човечноста и меѓународното право, во просек годишно се изречени четири мерки на конфискација. За кривични дела против службената должност и за кривични дела против јавниот ред, во просек годишно се изречени три мерки конфискација, а за кривични дела против правниот сообраќај, во просек, се изречени две мерки конфискација. За останатите групи кривични дела се изречени, во просек годишно по една мерка конфискација на имот и имотна корист, а за некои групи кривични дела ниту една. Податоците се систематизирани во Табела 1.

Споредено со бројот на вкупно осудени лица во анализираниот период, само во 0.8% од осудите биле изречени мерка конфискација.

Иако овој инструмент за борба против организираниот криминал и корупцијата постои веќе 20 години во македонското законодавство, може да заклучиме дека во судската казнена практика на Северна Македонија посебната казнено-правна мерка конфискација на имот и имотна корист се изрекува во многу мал, незначителен број на случаи што дополнително ја испраќа пораката дека „криминалот е исплатлив“.

**Табела 1.** Осудени полнолетни лица според групите на кривични дела и вкупно изречени конфискација на имот и одземените предмети (2017-2023)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 44 | 48 | 49 | 67 | 49 | 51 | 37 | 49 |

[39] Чл. 77, ст. 6 од хрватскиот Казнен закон.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против животот и телото** | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 2 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 2 | 6 | 9 | 17 | 8 | 6 | 3 | 7 |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| **Кривични дела против имотот** | 16 | 19 | 25 | 30 | 15 | 32 | 12 | 21 |
| **Кривични дела против културното наследство и природните реткости** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 2 | 6 | 2 | 2 | 6 | 5 | 4 | 4 |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| **Кривични дела против државата** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Кривични дела** | 0 | 3 | 2 | 4 | 4 | 2 | 4 | 3 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **против службената должност** | | | | | | | | |
| **Кривични дела против правосудството** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 4 | 4 | 3 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 6 | 3 | 1 | 5 | 3 | 1 | 0 | 3 |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 0 | 1 | 3 | 2 | 9 | 3 | 9 | 4 |
| **Кривични дела од посебни закони** | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 2.** Вкупно осудени полнолетни лица во периодот 2017-2023 година

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Средна вредност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица** | 6273 | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 | 6528 | 6446 |

Извор: Државен завод за статистика

## 7. Граѓанска конфискација согласно Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка - дискусија

На изненадување на правната фела во 2024 година беше донесен Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (ЗКИГП)[40] со кој е предвидена заштита на јавниот интерес на начин што се оневозможува каква било корист од имот за кој во постапката за конфискација на имот во граѓанска постапка се утврди дека не бил стекнат од законски извори. Целта на Законот е заштита на јавниот интерес на начин што се оневозможува каква било корист од имот за кој во постапката за конфискација на имот во граѓанска постапка се утврди дека имотот не бил стекнат од законски извори. На овој начин се оневозможува располагање со имот и имотна корист кои не може да се докаже дека се стекнати од законски извори.[41] Остварувањето на целта на овој закон меѓудругото е ефективна превенција и борба против криминалот и корупцијата.

Граѓанската конфискација се применува во случаи кога јавниот обвинител има сомневање за кривично дело, но нема доволно докази за кривично гонење или кривичното гонење не довело до осудителна пресуда, а оцени дека постои разумно сомневање дека имотот не бил стекнат од законски извори.

[40] Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (Службен весник бр.53/2024 година).
[41] Член 2 од ЗКИГП.

Потребата од внесување на граѓанската конфискација во нашиот правен систем се оправдува со големиот број судски предмети што завршуваат со осудителни пресуди, стануваат правосилни, но не се изрекува конфискација на имот или имотна корист, а и во малиот број случаи на изречена конфискација, во одредени случаи извршувањето на конфискацијата остана без успех или се забележани случаи на манипулации со имотот стекнат на противправен начин.

Според статистичките податоци во периодот 2017-2023 година, во просек, годишно биле изречени 49 мерки конфискација на имот и имотна корист. Споредено со бројот на вкупно осудени лица во анализираниот период, само во 0.8% од осудите биле изречени мерка конфискација.

Се очекува доследната примена на Законот (ЗКИГП) да придонесе за: - спречување користење и вложување незаконито стекнат имот како и средства, односно предмети, што биле наменети или употребени за вршење казниви дела, за спречување натамошно вршење казниви дела; - неисплатливост на противправните дејства; - ефективна превенција и борба против криминалот и корупцијата и - остварување на обврските на Република Северна Македонија преземени со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и други меѓународни документи, а кои содржат одредби за стандарди и соработка во откривање, одземање и конфискација на имот и имотна корист.[42]

Граѓанската конфискација е дополнитилен механизам покрај конфискацијата во кривичната постапка и ќе се применува само во случаите строго определени со Законот и преку исполнување на условите и меѓународните стандарди.[43]

Предметот на постапката уредена со Законот опфаќа имот во или надвор од Република Северна Македонија кој е во сопственост на физички лица кои се наши државјани, потоа, имот на странски државјани или на лица без државјанство со престојувалиште во нашата држава или на правни лица регистрирани во или надвор од Република Северна Македонија. Предметот на постапката опфаќа и имот во нашата држава што е во сопственост на или го владеат, односно користат нерезиденти во Република Северна Македонија, лица без државјанство или правни лица регистрирани во странство.[44]

Во однос на постапката за прибирање податоци за изворите за стекнување имот, таа е следна. Кога јавниот обвинител има сомневање за сериозно кривично дело (таксативно наведени во Законот), но нема доволно докази за кривично гонење или кривичното гонење не довело до осудителна пресуда, а оцени дека постои разумно сомневање дека имотот не бил стекнат од законски извори со соодветен акт, е должен во рок од осум дена од денот на донесување на актот да достави иницијатива до Управата за финансиска полиција, заедно со целокупната обезбедена документација за испитување и прибирање податоци за изворите и начините на кои е стекнат имотот.[45]

Се чини дека во голем дел има преклопување на граѓанската со кривичната конфискација, и покрај фактот што се истакнува дека граѓанската конфискација е само дополнување на кривичната. Имено, согласно одредбите од КЗ и ЗКП, одлука за конфискација судот ќе донесе во посебна постапка и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.[46] Од друга страна, пак, ЗКИГП предвидува иницирање на граѓанска постапка од

---

[42] Член 2 од ЗКИГП
[43] Министерство за правда (2023) „Извештај за проценка на влијанието на регулативата: предлог на Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка ", www.ener.gov.mk
[44] Член 6 од ЗКИГП
[45] Член 7 од ЗКИГП
[46] Член 97 став 3 од КЗ и член 540 од ЗКП.

истите правни и фактички причини (постоење сомневање за сторено кривично дело, но недостиг на докази или други објективни околности поради кои не може да се поведе кривична постапка – настапена застареност или амнестирано лице). Оттука, со право се поставува дилемата дали за иста работа ќе се води кривична или граѓанска постапка.

Кривични дела за кои може да се прибираат и анализираат податоци за изворите за стекнување имот кој може да биде предмет на постапка согласно со Законот се:

- перење пари и други приноси од казниво дело,
- тероризам,
- финансирање тероризам,
- злосторничко здружување,
- трговија со луѓе и трговија со деца,
- криумчарење мигранти,
- полов напад врз дете и други облици на сексуална злоупотреба на дете, како и производство и дистрибуција на детска порнографија,
- недозволена трговија со наркотични droги и психотропни супстанции,
- недозволена трговија со оружје, муниција и распрскувачки материи,
- измама, царинска измама и измама на штета на средства на Европската заедница,
- учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации,
- проневера,
- злоупотреба на службена положба и овластување,
- попречување на правдата,
- примање поткуп,
- давање поткуп,
- даночно затајување, даночна измама и избегнување плаќање акциза,
- давање награда за противзаконито влијание,
- примање награда за противзаконито влијание,
- противправно стекнување и прикривање имот,
- злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство,
- кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години,
- кривични дела против човечноста и меѓународното право,
- кривични дела против културното наследство и природните реткости,
- повреда на права од интелектуална сопственост и
- други кривични дела со кои се стекнува имотна корист пропишани со закон.[47]

Може да се заклучи дека листата на кривични дела за кои може да се води постапка за граѓанска конфискација се сериозни кривични дела. Со тоа јасно се става до значење дека целта на граѓанската конфискација е сериозен придонес кон борбата со сериозниот криминал во Северна Македонија. Но, фактот дека одредбата завршува со клаузулата и други кривични дела со кои се стекнува имотна корист пропишани со закон, остава можност за водење постапка за граѓанска конфискација и за други кривични дела кои не се сериозни кривични дела, ниту дела на корупција.

Услов за поведување на постапката за утврдување имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори согласно со овој закон е ако: а) има разумно сомневање дека постои имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори и б) постои несразмерност меѓу нето-вредноста на имотот и расположливите законити и пријавени приходи за стекнување на имотот, изразена како кумулативна

[47] Член 8 од ЗКИГП

разлика што надминува 13.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, пресметана годишно во временски период не подолг од 10 години пред стекнување на имотот кој е предмет на постапката уредена со овој закон, односно дејствијата за сторувањето кривично дело од членот 8 од овој закон за кое постои разумно сомневање дека е поврзано, односно е извор на средства за стекнување на имотот. За определување на нето-вредноста на имотот, министерот за финансии донесува Методологија за нето-вредност на имот, со која се пресметува износот на средствата потрошени за стекнување на имотот, платените даноци и придонеси, трошоците за живот, надоместокот за пренесување, односно стекнување на имотот и надоместокот кој одговара на вредноста на имотот.[48]

Во однос на оваа одредба се отвора дилемата за примената на овој Закон, односно можноста да се судриме со принципот на забрана за ретроактивно дејство на законот. Имено, Законот е донесен во 2024 година, а согласно одредбата ќе се испитува (не)легалноста на имот во временски период не подолг од 10 години пред стекнување на имотот што е предмет на постапката. Се поставува прашањето дали со поведување на постапка од донесувањето на овој Закон ќе може да се применува за имот стекнат во време пред донесување на Законот. Односно, дали ова е спротивно на принципот на забрана за ретроактивно дејство на законот, што е уставен принцип!? Уставната одредба од членот 52 став 4 предвидува дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.[49] Односно, се забранува законите да имаат ретроактивно дејство (со предвиден исклучок за поповолен закон).

Исто така, спорно е дали начинот на пресметување на вредноста на имотот може да се врши според методологија донесена од страна на министер, имајќи предвид дека се работи за подзаконски акт кој лесно и брзо може да се смени!?

Надлежен орган за прибирање податоци за имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори е Управата за финансиска полиција. Известување за постоење имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори до Управата може да достави: Државната комисија за спречување на корупцијата, даночните органи, Агенцијата за катастар на недвижности, Царинската управа, Државниот завод за ревизија, Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и други органи и институции, кои во рамки на постапувањето согласно со надлежностите ќе добијат информации и податоци со сомневања или сознанија за постоење имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори. Исто така, известување може да достави и секое физичко лице и правно лице.[50] Се поставува прашањето дали последново значи дека Управата за финансиска полиција може да се пренатрупа со известување од физички лица кои би постапувале, хипотетички, и без да имаат реални сознанија и без да постапуваат со најдобра намера?

Овластен тужител за постапување по предметите за конфискација на имот согласно Законот е Државниот правобранител. Тој е овластен државен орган кој презема мерки и правни средства пред надлежни државни органи и поведува постапка пред надлежен суд за утврдување имот чие стекнување не може да се докаже дека е од законски извори.[51] Во постапка товарот на докажување дека имотот е стекнат од законски извори е на страна на тужениот во постапката.[52] Државниот правобранител

---

[48] Член 9 од ЗКИГП

[49] Устав на Република Македонија (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година)

[50] Член 10 од ЗКИГП

[51] Член 11 од ЗКИГП

[52] Член 14 од ЗКИГП

може да поднесе предлог за мерка за обезбедување имот (особено забрана за отуѓување, оптоварување и располагање со имот ако е веројатно дека без изрекување на мерката ќе се осуети извршувањето на судската одлука за конфискација на имот) до надлежниот суд пред поднесување на тужбата или заедно со тужбата.[53] Тужениот или лицето против кое е изречена мерка за обезбедување имот има право да го користи имотот за кој е изречена мерката до правосилност на одлуката по тужбата во граници на овозможување на неговите неопходни животни потреби.[54]

Јасна е интенцијата на законовадецот во насока на борба против криминалот со предвидувањето широка листа на органи кои во своето работење нема да може да ја докажат легалност на имотот и за тоа ќе треба да ја известат Управата за финансиска полиција. Но, се проблематизира преклопувањето на надлежноста на органите во кривичната, односно граѓанската постапка. Се јавува дилемата дали евентуално кај граѓанската конфискација, државниот правобранител добива овластувања слични на јавниот обвинител!? Од друга страна, ќе треба да се прошират надлежностите на Управата за финансиска полиција во соодветниот закон.

Управувањето со конфискуваниот имот одземен со правосилна судска пресуда во постапка уредена согласно со овој закон се врши согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Конфискуваниот имот во постапката уредена со овој закон може да се даде на користење на јавни установи и здруженија кои вршат работи кои се однесуваат на остварување на социјални цели, врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија согласно со закон.[55]

Во однос на оваа одредба се проблематизира надлежноста на Агенцијата, за управување со одземен имот за граѓанска конфискација, бидејќи таква надлежност не е предвидена согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Јасна е надлежноста на Агенцијата само за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка но не и во граѓанска постапка, за што е потребно усогласување.[56]

Сосема на крајот, легитимно се наметнува дилемата, дали овој закон на мала врата ја отвора можноста за пресметка со политички неисомисленици. Сметаме дека одредбите од соодветните закони за кривичната конфискација се јасни и прецизни и пружаат соодветни процесни гаранции, а нивната соодветна примена ќе одговори на прашањето за ефикасна борба против криминалот. Оттука, го проблематизираме концептот на граѓанска конфискација во неговата сегашна форма.

## Заклучок

Конфискацијата на имот и имотна корист се посебни казнено-правни мерки воведени во македонското законодавство со донесувањето на првиот македонски Кривичен законик во 1996 година, при што овој институт се нарекуваше „пленување на имот и имотна корист“, додека одземањето на предмети беше предвидено како мерка на безбедност. Денес овие два института се посебни казнено-правни мерки. Класичната форма на конфискација се базира на одземање на имот генериран од кривично дело за

[53] Член 17 од ЗКИГП
[54] Член 18 од ЗКИГП
[55] Член 19 од ЗКИГП
[56] Член 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник бр. 64/2024)

кое е осудено некое лице. Може да се јави како реална и вредносна, а конфискација може да се изрече и во случај на постоење фактички или правни пречки за кривично гонење. Во 2009 година беше воведена и проширената конфискација која овозможува одземање на нелегални средства за кои не е утврдено од кое кривично дело потекнуваат, но имателот на средствата (претходно правосилно осуден за одреден вид на кривично дело) не го докажал нивното легално потекло.

Во судската казнена практика на Северна Македонија посебната казнено-правна мерка конфискација на имот и имотна корист се изрекува во многу мал, незначителен број на случаи. Напоменуваме дека прашањето за изрекување на мерката конфискација не е предмет на факултативно одлучување, односно таа е задожителна, а особено треба да се прават напори за утврдување на нелегалните приноси за одредени кривични дела, особено оние извршни од користољубие, односно лукративните кривични дела. Мерката конфискација на имот и имотна корист за тие кривични дела ќе има значаен ефект во насока на остварување на целта на казната. Имено, со изрекувањето на конфискацијата на имот и имотна корист ќе се оствари правдата, а од друга страна ќе има силен ефект врз остварувањето на специјалната и генералната превенција, односно никој нема да може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист стекната со извршувањето на кривичното дело.

Ефективното изрекување и извршување на мерката конфискација, сепак, е врзано со многу предуслови, меѓу кои и соодветната кадровска екипираност на релевантните институции и ефикасните финансиски истраги.

Во 2024 година е донесен Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, што, како што наведовме, предизвика изненаденост на правната фела. Имено, нов тип на конфискација која товарот на докажување го префрла на граѓанинот кој ниту е осуден, ниту пак може да биде осуден за определено кривично дело, а притоа веќе постојат облици на конфискација која не се заснова врз осуда (конфискација во случај на фактички или правни пречки предвидена со КЗ), па и тие не се применети, не значи нужно и поголем степен на правда и ефикасност во примената кај новиот облик. Граѓанската конфискација се применува во случаи кога јавниот обвинител има сомневање за кривично дело, но нема доволно докази за кривично гонење или кривичното гонење не довело до осудителна пресуда, а оцени дека постои разумно сомневање дека имотот не бил стекнат од законски извори.

Оттука, во однос на граѓанската конфискација се отвораат неколку спорни прашања. Дел од нив се подетално изнесени погоре во текстот во претходната потточка: дискусија.

Прво, се чини дека во голем дел има преклопување на граѓанската со кривичната конфискација, и покрај фактот што се истакнува дека граѓанската конфискација е само дополнување на кривичната, зошто дел од основите врз кои се базираат и двата типа, се исти. Потребно е со подзаконски или сличен акт, упатство и сл., да се разграничи во кои фази и случаи ќе се применува едната, а во кои другата конфискација. Со оглед на природата на оваа материја, најдобро би било ова прашање законски да се допрецизира со измени и дополнувања.

Втора дилема се отвора во врска со листата на кривични дела за кои може да се прибираат и анализираат податоци за изворите за стекнување имот што може да биде предмет на постапка на граѓанска конфискација. Таа завршува со отворена клаузула, што практично листата ја прави само илустративна и опсолетна.

Прашањето за ретроактивното дејство на законот е посебен проблем. Дали законот ќе важи за дејствија (дела) и имот стекнат пред негово донесување или не!? Ова законот не го определува и би можело да биде противуставно решение доколку Законот се толкува екстензивно.

Се поставува прашање и за временскиот рок од 10 години пред стекнување на имотот кој е предмет на постапката за граѓанска конфискација, односно дејствијата за сторувањето кривично дело за кое постои разумно сомневање дека е поврзано, односно е извор на средства за стекнување на имотот. Зошто за граѓанска конфискација каде што основите се многу понеизвесни, а граѓанинот кој е субјект на оваа постапка е далеку и од статусот обвинет, рокот да е 10 години, а за кривична проширена конфискација, каде што имаме осуден сторител за кривично дело да изнесува 5 години пред осудата за тоа дело!?

Рокот во кој првостепениот граѓански суд треба да донесе првостепена одлука, исто така, сметаме дека е проблематичен и нереален и дополнително ќе ги оптовари граѓанските судови.

За успешна примена на постапката за граѓанска конфискација, покрај наведените забелешки во трудот, ќе треба да се извршат измени на овој Закон, да се прецизираат (или ревидираат) надлежностите на институциите и да се изврши усогласување на повеќе поврзани прописи.

Фактот што Законот беше донесен краток период пред парламентарните избори, а примената беше одложена само на шест месеци, резултираше со почеток со примена без да се направат симулации, да се донесат потребни поврзани прописи и да се спроведат обуки на сите кои (ќе) учествуваат во ваквата постапка.

## Референци:


Bouvier, J., A Law Dictionary, Adapted to the Constitution and Laws of the United States by 1856, достапно на:<ahref="https://legal-dictionary.thefreedictionary.com/Nullus+commodum+capere+potest+de+injuria+sua+propria">Nullus commodum capere potest de injuria sua propria</a>

Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime (ETS No. 141)

Council Framework Decision 2005/212/JHA of 24 February 2005 on Confiscation of Crime-Related Proceeds, Instrumentalities and Property, достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005F0212

Council of Europe Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime and on the Financing of Terrorism (CETS No. 198), достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=198

Criminal Law Convention on Corruption (ETS No. 173), достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=173

Directive (EU) 2017/1371 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2017 on the fight against fraud to the Union's financial interests by means of criminal law, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32017L1371&qid=1647801844322

Directive (EU) 2018/1673 of the European Parliament and of the Council of 23 October 2018 on combating money laundering by criminal law, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A02018L1673-20240519

Directive (EU) 2019/1153 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 laying down rules facilitating the use of financial and other information for the prevention, detection, investigation

or prosecution of certain criminal offences, and repealing Council Decision 2000/642/JHA, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A02019L1153-2024070

https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2024/1260

Kazneni zakon, pročišćeni tekst zakona, NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23, 36/24

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23).

Regulation (EU) 2018/1805 of the European Parliament and of the Council of 14 November 2018 on the mutual recognition of freezing orders and confiscation orders, достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018R1805&qid=1647857117645

United Nations Convention against Corruption, достапна на: https://www.unodc.org/unodc/en/corruption/tools_and_publications/UN-convention-against-corruption.html

United Nations Convention against Transnational Organized Crime, достапна на: https://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf

Деаноска – Трендафилова, А., Конфискација на имот и имотна корист - како до поголема и поефикасна примена на овој институт? - Втора книга на препораки, НКЕУ – МК, Скопје, 2023, стр. 49- 62.

Директивата 2024/1260 (ЕУ) достапна на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=141

Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (Службен весник: бр. 53/2024)

Закон за кривичната постапка, (Службен весник на Република Македонија бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18).

Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник бр.  64/2024)

Камбовски, В. Казнено прво – општ дел, Скопје, 2011, стр. 517

Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право, општ дел, Скопје 2016, стр. 446.

Министерство за правда (2023) „Извештај за проценка на влијанието на регулативата: предлог на Закон  за конфискација на имот во граѓанска постапка “, www.ener.gov.mk

Устав на Република Македонија (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година)

**Prof. Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**[57]
**Prof. Dr. Aleksandra Deanoska Trendafilova**[58]

# THE CONFISCATION OF PROPERTY AND PROPERTY BENEFITS IN CRIMINAL PROCEEDINGS VERSUS THE CONFISCATION OF PROPERTY IN CIVIL PROCEEDINGS IN MACEDONIAN LAW

**Abstract**

Confiscation of property and property benefits are special criminal-legal measures. The classic form of confiscation is based on the seizure of property generated by a crime for which a person has been convicted. It can appear as real and value, and confiscation can also be imposed in the event of the existence of factual or legal obstacles to criminal prosecution.

In order to join international efforts to more effectively combat organized crime and corruption, in 2009, expanded confiscation was introduced, which allows the seizure of illegal assets for which it has not been determined which crime they originate from, but the holder of the assets (previously legally convicted for a certain type of crime) has not proven their legal origin.

In 2024, the Law on Confiscation of Property in Civil Proceedings was adopted, which provides for the protection of the public interest in a way that prevents any benefit from property that is determined in the procedure for confiscation of property in civil proceedings to have been acquired from unlawful sources. Civil confiscation is applied in cases where the public prosecutor suspects a crime, but there is insufficient evidence for criminal prosecution or the criminal prosecution has not led to a conviction, and assesses that there is reasonable doubt that the property was not acquired from lawful sources.

The authors elaborate on these institutes in more detail and make an argumentative critical review of the merits and compatibility of such concepts with the Macedonian legal system.

**Keywords:** confiscation, property, property benefit, criminal procedure, civil procedure

[57] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminology and Penology. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com (http://www.pf.ukim.edu.mk/gruevska-drakulevski-dr-aleksandra/).

[58] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Crminal Law. E-mail: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk (https://pf.ukim.edu.mk/deanoska-trendafilova-dr-aleksandra/)